# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

6 Март 2018
Скопје
Број 2, година XIII
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Март, 2018 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување
на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори
во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

1.Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода, донесена на Седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.02.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/1
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 124 став 2 и 3 од Законот за основно образование (,,Службен весник на РМ,, бр.103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 ) и член 16 точка 6 алинеа 1 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на седмата пленарна седница одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

## О Д Л У К А

за изменување и дополнување на Одлуката за именување
на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори
во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода

### Член 1

Во Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода број 09-8465/3 од 18.11.2015 година во член 2 точка 1 (ООУ ,,Невена Георгиева Дуња ,,) алинеа 1 се заменува со зборовите ,,Весна Трпковска,, и ,,Сидера Василевска,,.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1784/3
27 февруари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за методологијата за утврдување на критериуми
за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта
на територија на Општина Кисела Вода за 2018

1.Се објавува Одлуката за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2018, донесена на Седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.02.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/2
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.05/02), член 8 став 2 алинеа 4 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ( Сл. весник на Р.М. бр. 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/2011 и 192/15), член 34 точка 42 од Статутот на Општина Кисела Вода (Службен гласник на Град Скопје 8/05 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

**ОДЛУКА**

за методологијата за утврдување на критериуми за распределба
на блок дотацијата наменета за основните училишта
на територија на Општина Кисела Вода за 2018

**Член 1**

Со оваа Одлука се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 2**

Согласно Буџетот на Општина Кисела Вода за 2018 година, во Програмата Н1 и Подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на сите 8 ( осум ) основни училишта на територија на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Средствата утврдени во член 2 од оваа одлука наменски се распределуваат на секое основно училиште врз основа на податоците доставени од страна на основните училишта и нивните годишни финансови планови.

**Член 4**

Критериуми за распределба на блок дотацијата по основните училишта се:

- Вкупно добиената сума на блок дотацијата за 2018 година од Министерството за образование и наука,
- Бројот на ученици вкупно на ниво на општина, односно по основно училиште и
- Големина - површина на училиштето.

Бруто платите, бидејќи се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени, се минусираат од методологијата за распределба.

**Член 5**

Распределбата се врши само на средства од блок дотацијата кои служат за покривање на сите материјални трошоци според следната формула:

НД = ( м2 х 0,1 ) + ( бр.уч. х 4 ) : ( вк.м2 х 0,1 ) + ( вк.бр.уч. х 4 ) каде

НД – наменски дел за покривање на материјални трошоци за 2018 година

( 209.188.000,00 – 180.000.000,00 денари ), од кои

- 209.188.000,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2018 година за основно образование
- 180.000.000,00 е вкупниот износ за бруто плати за сите ООУ и
- 29.188.000,00 е разликата што останува за распределување за материјални трошоци.

Км2 – коефоциент за површина = 0,1

Куч. – коефициент за број на ученици = 4

Табела по формула

РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИОТ ДЕЛ ОД БЛОК ДОТАЦИЈАТА ( БЕЗ БРУТО ПЛАТИ )

Наменскиот дел за 2018 година изнесува 29.188.000,00

Коефициент за површина = 0,1

Коефициент за број на ученици = 4

| Ред. бр | Основно училиште | Вкупно површина | Вкупен број на ученици | Вкупен коефициент | Процент | Вкупно МКД |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ” Кузман Јосифовски” | 4 357,34 | 606 | 2.859 | 11.75% | 3.429,590 |
| 2. | “Партенија Зографски” | 3261 | 508 | 2.358 | 9.69% | 2.828,317 |
| 3. | “Невена Георгиева Дуња” | 3000 | 523 | 2392 | 9.83% | 2.869,180 |
| 4. | “Кирил Пејчиновиќ” | 4843 | 925 | 4.184 | 17.19% | 5.017,417 |
| 5. | “Круме Кепески” | 3478 | 731 | 3.271 | 13.44% | 3.922,867 |
| 6. | “Рајко Жинзифов” | 7822 | 842 | 4.150 | 17.05% | 4.976,554 |
| 7. | “Кузман Шапкарев” | 4740 | 678 | 3.186 | 13.12% | 3.829,465 |
| 8. | “Св.Климент Охридски” | 1900 | 435 | 1.930 | 7.93% | 2.314,608 |
| | Вкупно | 33,401.34 | 5248 | | 100% | 29.188,000 |

Во табелата во колоната на процентот за распределба се врши корекција, односно намалување по 0.62 апоен, на осумте основни училишта за сметка на ООУ “Невена Георгиева Дуња” на кое му се додаваат 3,9% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 1.100.000,00 денари и на ООУ “Рајко Жинзифов” на кое му се додаваат 1% бидејќи училиштето има организиран превоз на ученици за што на годишно ниво му се потребни околу 340.000,00 денари.

**Член 6**

Средствата за блок дотација се насочуваат до основните училишта, преку Секторот за финансиски прашања за бруто плати и за материјални трошоци месечно, односно како што се трансферираат средствата од Министерството за образование и наука до општината.

**Член 7**

Согласно наведените критериуми се врши распределба на блок дотацијата по основни училишта за 2018 година, пресметана во табела со податоци во апсолутен износ и проценти, која е составен дел на оваа Одлука.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1784/4
27 февруари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2017 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година; К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2017 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година; К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 февруари 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/3<br>06.03.2018 година<br>С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК<br>на Општина Кисела Вода<br>Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,,бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (,,Службен гласник на Град Скопје,, бр.8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.13/06), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.61/04, 96/04 и 67/07) расправајќи по Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2017 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година; К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2017 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините

1.Се усвојуваат Кварталните извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2017 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирен обврски на Општина Кисела Вода; -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2.Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1784/5
27 февруари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука **за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за 2018 година бр.09-8669/4 од 25.12.2017 годин**а

1.Се објавува Одлуката **за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за 2018 година бр.09-8669/4 од 25.12.2017 година**, донесена на Седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.02.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/4
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 23 став 8 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04; 67/07; 156/09; 47/11 и 192/15) и член 34 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на општина Кисела Вода“ бр.13/06), Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница одржана на 27 август 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за изменување на Одлуката за извршување
**на Буџетот на општина Кисела Вода за 2018 година**
**бр.09-8669/4 од 25.12.2017 година**

**Член 1**

Во членот 12, алинеата 3 се брише
Останатиот текст во членот 12 останува непроменет.

**Член 2**

Останатите членови од Одлуката за **извршување на Буџетот на општина Кисела Вода за 2017 година бр. 09-8669/4 од 25.12.2017** остануваат непроменети.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1784/6
27 февруари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за задолжување на средства добиени од
Меѓународна банка за обнова и развој (Светска Банка)
преку проектот за подобрување на општинските

1.Се објавува Одлуката за задолжување на средства добиени од Меѓународна банка за обнова и развој (Светска Банка) преку проектот за подобрување на општинските, донесена на Седмата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27.02.2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/5
06.03.2018 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 20 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр. 61/04, 96/04, 67/07 и 156/09), Законот за територијална организација на единиците за локалната самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 55/04) и член 4 од Законот за јавен долг (Сл. весник на РМ (бр. 62/05 и 88/08), Советот на општина Кисела Вода на Седмата пленарната седница одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ДОБИЕНИ ОД МЕЃУНАРОДНА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ (СВЕТСКА БАНКА) ПРЕКУ ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за задолжување на Општина Кисела Вода кај Меѓународната Банка за Обнова и Развој (Светска Банка) преку Проектот за подобрување на општинските услуги.

**Член 2**

Се одобрува долгорочно задолжување на општина Кисела Вода за реализација на Проектот за подобрување на општинските услуги, - Потпроект за Изградба на атмосферска канализација по улиците во нас.Пржино во вкупен износ од 110.000.000,00 (со букви: стоидесетмилионии) денари под следните услови:

- Каматна стапка која е еднаква на каматната стапка што ја плаќа Република Македонија кон Светска банка.
- Рок на отплата 13 години со вклучен грејс период од 3 години.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1784/7
27 февруари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување Извештај
за извршениот попис на средствата и нивните извори
со состојба на ден 31.12.2017 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на ден 31.12.2017 година, усвоен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 февруари 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/6
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06), расправајќи по Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на ден 31.12.2017 година, Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница, одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на ден 31.12.2017 година.

2. Овој Заклучокот да се достави до Градоначалникот и до Секторот за финансии.

3.Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1784/8
27 февруари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Извештајот
за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност
во Општина Кисела Вода во 2017 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во Општина Кисела Вода во 2017 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 февруари 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/7
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06) расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода во 2017 година, Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница, одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода во 2017 година.

2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1784/9
27 февруари 2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на
Програмата за Енергетска Ефикасност за
Општина Кисела Вода 2018-2020

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за Енергетска Ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 февруари 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/8
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06) расправајќи по Програмата за енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020, Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница, одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Програмата за енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020.

2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1784/10
27 февруари 2018 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Акционен план за 2018 година
од Програмата за Енергетска Ефикасност за
Општина Кисела Вода 2018-2020

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Акциониот план за 2018 година од Програмата за Енергетска Ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 февруари 2018 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/9
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), член 104 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.13/06) расправајќи по Акциониот план за 2018 година од Програмата за енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020, Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница, одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Акциониот план за 2018 година од Програмата за енергетска ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020.

2. Овој Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1784/11
27 февруари 2018 година
С к о п ј е
.

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за одобрување средства
како еднократна парична помош на Дарко Гиговски

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Дарко Гиговски, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 27 февруари 2018 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-2247/10
06.03.2018 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Филип Темелковски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Град Скопје” бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош („Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по барањето на Дарко Гиговски ул. „Чедомир Кантарџиев“ бр.5 Скопје под бр.08-1125/1 од 05.02.2018 година, Советот на Општина Кисела Вода на Седмата пленарна седница одржана на 27 февруари 2018 година, донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување средства како еднократна парична помош
на Дарко Гиговски

**Член 1**

Се прифаќа Барањето бр.08-1125/1 од 05.02.2018 година на Дарко Гиговски ул. „Чедомир Кантарџиев“ бр.5 Скопје му се одобруваат парични средства во износ од 250.000,00 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за лекување во странство-Турција.

**Член 2**

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1784/12
27 февруари 2018 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Дарио Шимиќ с.р.

С О Д Р Ж И Н А:

1.Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за именување на претставници на Општина Кисела Вода во училишните одбори во основните училишта на подрачјето на Општина Кисела Вода;

2.Одлука за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за основните училишта на територија на Општина Кисела Вода за 2018;

3.Заклучок за усвојување Квартални извештаи К1,К2 и К3 за четвртиот квартал од 2017 година – К1-кваратлен извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година; -К2-квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, -К3-квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;

4.Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот за 2018 година бр.09-8669/4 од 25.12.2017 година;

5.Одлука за задолжување на средства добиени од Меѓународна банка за обнова и развој (Светска банка) преку Проектот за подобрување на општинските услуги;

6.Заклучок за усвојување Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба 31.12.2017 година;

7.Заклучок за усвојување Извештај за реализација на Програмата за Енергетска Ефикасност во општина Кисела Вода во 2017 година;

8. Заклучок за усвојување Програма за Енергетска Ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020;

9. Заклучок за усвојување Акционен план за 2018 година од Програмата за Енергетска Ефикасност за Општина Кисела Вода 2018-2020;

10.Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Дарко Гиговски;